Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024
2025

Извадок на ден од дневните настани 27.01.2025

На 26.01.2025 околу 22.30 часот на ул.„Караорман" во Битола, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потрги во содејство со СВР Битола, Одделот за криминалистичка полиција го лишиле од слобода М.К.(24) од Скопје. Тој бил баран по девет централни потерници од Казнено - поправните установи Затвор Идризово и Затвор Скопје и од Основното јавно обвинителство Скопје за издржување на казна затвор од 11 години и три месеци. При лишувањето кај него била пронајдена и одземена марихуана. М.К. бил предаден во Полициска станица Битола за натамошна постапка.

На 26.01.2025 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово во соработка со Државен пазарен инспекторат ги привеле Р.М. (53), Х.Р.(43), А.А.(52) , С.Ф. (69), Ф.Ј. (43) , А.С.(74), Н.И.(70), А.И.(56) и еден малолетник, сите од Куманово, затоа што на Градскиот пазар и пазарот во с.Долно Којнаре, кумановско, биле затекнати при вршење нелегална продажба на тутун. Притоа, кај нив биле пронајдени и одземени 269 килограми тутун. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следува соответна пријава. Одземениот тутун бил предаден на Државен инспекторат за земјоделие, додека од Државен пазарен инспекторат ќе бидат преземени мерки за вршење нерегистрирана дејност.

На 26.01.2025 во 09.30 часот, полициски службеници од Полициското одделение Чашка го лишиле од слобода Ц.К.(49) од село Мелница, општина Чашка. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија дрога и оружје при СВР Велес и полициски службеници од Полициското одделение Чашка пронашле и одзеле ловечка пушка „Бајкал" и патрони со калибар 12 за пушката. Ц.К. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (27.01.2025) во 02.25 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ј.(20) и Д.Ѓ.(20), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2025 во 15.45 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2025 во 21.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Х.(27) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени таблети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 26.01.2025 во 23.45 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Т.(30) од с.Шишево, скопско и О.К.(36) од Скопје затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2025 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(22) од с.Бардовци, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.01.2025 во 01.00 часот во с.Добридол, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Галате ги лишиле од слобода Е.Р.(20), Б.Д.(21) и М.Д.(22), сите од с.Добридол, затоа што при преглед кај нив и во возилото „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, кое го управувал Е.Р., а другите двајца биле сопатници, биле пронајдени и одземени марихуана и пиштол „Глок". Тие биле задржани во полициска станица и по документирање на случајот против нив ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2025 во 14.50 часот во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле слобода Ј.Ц.(43) од Гостивар поради основано сомнение дека на 25.01.2025 извршил „тешка кражба", при што од А.Б(40) од Гостивар одзел гулаби. Тој бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 25.01.2025 во 20.30 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.И.(65) од с.Копачин Дол, тетовско, поради сомнение за сторено кривично дело „кражба". Кај него бил пронајден и одземен скутер без регистарски таблички, кој потекнува од кривичното дело и кој бил вратен на сопственикот. А.И. бил задржан во полициска станица и против него ќе следува соодветна пријава.

На 26.01.2025 во 04.30 часот на ул.„11 Октомври" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп лишиле од слобода двајца малолетници од Прилеп. Тие биле затекнати при извршување на кражба во продавен објект. По документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2025 во 10.35 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје пронашле малолетник од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени нож и метална палка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2025 во 15.30 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле малолетник од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 26.01.2025 во 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат Скопје - Средно Водно се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(60) и патничко возило „citroen" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Ј.(34), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се зобоше возачот В.Ј., а со телесни повреди се зобоше неговите сопатници М.К.(34) и шестнесетно бебе, како и возачот С.Б. и неговите сопатници В.Ј.(29) и К.В.(30), сите од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.01.2025 во 11.10 часот во ОВР Неготино, Г.И.(43) од Неготино пријавил дека на улица „Маршал Тито" во Неготино, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 26.01.2025 во 13.50 часот во ОВР Неготино, И.Т.(76) од Неготино, пријавила дека на улица „Киро Крстев" во Неготино била касната од куче со сопственик.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против К.К.(27) од струшко затоа што Враништа поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При извршен преглед, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга кај него пронајдоа и одземаа марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ќ.К.(45) од Кичево поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола извршена на булеварот „Ослободување" во Кичево, полициските службеници констатираа дека тој со моторно возило „опел вектра" врши јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај, без да поседува лиценца издадена од надлежен државен орган.

На 26.01.2025 во 20.40 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.Г.(45) од Прилеп поради сомнение дека извршил тешка кражба во објект на Здравствен дом - Прилеп. По документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2025 во 16.30 часот во село на подрачјето на општина Петровец, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.З.(39), постапувајќи по претходна пријава дека во домот физички ги нападнал неговата 43 - годишна сестра и неговата мајка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2025 во 01.00 часот во СВР Скопје, З.Ј.(33) од с.Оровица, радовишко, пријавил дека околу 19.20 часот во викенд куќа на неговиот пријател Љ.С.(67) од с.Морани, скопско, четири лица физички ги нападнале двајцата, при што употребиле дрвени предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2025 во 19.30 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Б.(20), Ц.Ш.(34), Ф.Ц.(22), А.М.(23), А.И.(21), М.И.(21) и И.Ф.(21), сите од Скопје, затоа што агресивно се однесувале и упатувале закани кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

На 26.01.2025 во 23.50 часот во СВР Скопје, И.А.(41) од Скопје пријавила дека околу 18.50 часот на автобуска постојка на подрачјето на Ѓорче Петров, нејзините две малолетни ќерки биле физички нападнати од две други малолетнички. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2025 во 20.30 часот во СВР Скопје, Х.И.(22) од Скопје пријавил дека околу 14.10 часот на подрачјето на Чаир, едно лице со употреба на физичка сила му ја одзело чантата со пари и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2025 во 15.30 часот во СВР Скопје, Д.Л.(51) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот на автобуска постојка на подрачјето на Бит Пазар, едно лице со закана од неговиот малолетен син одзел лични работи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2025 во 22.40 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.Е.(45) од Скопје пријавил дека од домот се одалечила неговата невенчана сопруга Х.А.(38). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Денеска (27.01.2025) во 10.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.Б.(62) од Скопје пријавила дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје била каснатa од куче.

На 26.01.2025 во 11.20 часот во ОВР Гостивар, А.Р.(62) од Гостивар пријавил дека околу 11.00 часот на улица „ЈНА" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.Д.(69) од с.Клечовце, општина Старо Нагоричане, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство" во обид. На 22.01.2025 во с.Клечовце, по претходна расправија и физичка пресметка, пријавеникот со остар предмет му нанел убодна рана на Д.Ј..

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.С.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „тешка кражба" и против малолетник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". На 20.12.2024 во Скопје, првопријаденот физички нападнал едно лице и му одзел мобилен телефон и пари, а на 18.01.2025 со погоден алат влегол во угостителски објект и одзел пари и други предмети. Додека, на 26.12.2024 заедно со второпријаденот, со физичка сила и тврд предмет влегле во угостителски објект од каде одзеле мобилен телефон.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Т.А.(63) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело кривично дело „измама". Пријавеникот лажно се претставил и преку социјална мрежа стапил во контакт со лице од Берово. Под изговор дека неговата сметка ќе му бидат испратени пари, пријавеникот од лицето побарал и добил податоци од банкарската сметка и лична карта, по што подигнал кредит од финансиско друштво на име на оштетеното.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.З.(24) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 21.12.2024 во просториите на ОВР Кочани, пријавеникот во два наврати, физички нападнал двајца полициски службеници кои извршувале службени дејствија.
СВР Штип поднесе кривична пријава против Р.Д.(58) и Н.Р.(37), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 11.11.2024 во просториите на Основен суд Штип, првопријаденот упатил закани кон полициски службеник од Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје во СВР Штип, а подоцна во дворот на судот, пријавените упатиле закани кон двајца полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.И.(49) од с.Милетино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". Во текот на 2023 и 2024 година, пријавеникот како вработен во јавно општинско претпријатие вршел наплата во домови кај коресните во селата Милетино и Блаце, тетовско, а паричните средства не ги предал во благајната, туку ги присвоил за себе.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Р.М.(21) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 20.11.2024, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава Д.О.Ј.(26) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 16.01.2025, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.С.(19) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.12.2024 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.Н.(47) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено искористување и трговија со оружје или експлозивни материи". На 18.01.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пушка, ловечка пушка, патрони со калибар 12 мм, куршуми со калибар 7,62 мм, цевки за огнено оружје, црн тромблонски додаток, цевка со механизам за испалување, затворач и други делови за оружје.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против З.Д.(44) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело кривично дело „криумчарење на мигранти". На 22.01.2025 на автопатот Граничен премин Табановце - Куманово, пријавеникот во патничко возило „citroen" со кичевски регистарски ознаки, превезувал три лица мигранти, од кои две лица од Непал и едно од Индија.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет